Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 24//0306
12.02 20 25 год.
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 30.01.2025 година, врз основа на примена жалба од Данела Арсовска, градоначалничка на Град Скопје, ја донесе следнава:

## ОДЛУКА

## ЖАЛБАТА Е НЕОСНОВАНА

Текстот со наслов **„Зоолошката градина е позната како куќата на стравот и тоа доволно кажува за владеењето на Арсовска, вели Кирков“,** објавен на онлајн медиумот „Скопје1“ mk), на 22.01.2025 година не отстапува од професионалните и етичките стандарди при известувањето.

## ЖАЛБА

Жалителката**,** градоначалничката Арсовска, на 25.01.2025 г. до СЕММ упати жалба за текстот со наслов „Зоолошката градина е позната како куќата на стравот и тоа доволно кажува за владеењето на Арсовска, вели Кирков“, објавен на онлајна медиумот „Скопје1“ на г., при што се жали дека „се пренесени од друг невистинити тврдења за факти на сметка на Градоначалникот на Град Скопје, Данела Арсовска“.

Жалителката, преку ополномоштен адвокат, меѓу другото навела:

„Сметаме дека порталот врши неточно и нефер известување, бидејќи не е застапена втората страна и со тоа е прекршен член 1 од Кодексот, според кој проверката на податоците и точноста се морално императивни на новинарството...“

Во жалбата во прилог е доставен и демант упатен до медиумот, како и целата содржина во пдф формат (компјутерски скриншот од текстот и линкот од објавата).

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со востановената процедура (членот 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби), по приемот стапи во контакт со медиумот и побара да се изјасни по однос на наводите на жалбата. Притоа, го потсети медиумот и на можноста случајот да се реши по пат на медијација, пред да биде разгледуван од членовите на Комисијата за жалби. На медиумот детално му беа појаснети наводите на жалителката и основите по кои смета дека е постапено непрофесионално при известувањето.

До СЕММ во предвидениот рок беше доставен одговор од медиумот во кој се отфрлаат наводите на жалителот.

„Станува збор за соопштение од политичката партија ВМРО-ДПМНЕ кое е пренесено во целост. Истото е направено и со демантите испратени од жалителите, кои се пренесени во целост.

Истовремено, потсетуваме дека Град Скопје и институциите под нивна надлежност не одговараат на новинарски прашања, а редакцијата на „Скопје1“ е тргната и од мејлинг листата на Градот. Градоначалничката Арсовска не одговара на прашања од „Скопје1“, а за транспарентноста на градот можат да посведочат сите колеги кои пишуваат во скопска рубрика“.

## ОДЛУКА НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби утврди дека текстот со наслов „Зоолошката градина е позната како куќата на стравот и тоа доволно кажува за владеењето на Арсовска, вели Кирков“, објавен на онлајна медиумот „Скопје1“ на 22.01.2025 г. не отстапува од професионалните и етичките стандарди при известувањето, при што не е прекршен ниту еден член од Кодексот на новинарите на Македонија.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ОДЛУКАТА

Комисијата ги разгледа фактите поврзани со случајот и потврди дека станува збор за текст кој третира прашање што е од јавен интерес, односно прашање поврзано со состојбата во зоолошката градина во главниот град и улогата на градоначалничката Арсовска во врска со таквата состојба.

Комисијата констатираше неколку факти. Прво, текстот, како што пишува и медиумот во одговорот, е всушност пренесено соопштение од политичка партија, поврзано со говор на член на таа политичка партија на поткаст на партијата.

Второ, соговорникот чии зборови се пренесени во соопштението и во медиумот е релевантен извор, бидејќи истиот е советник во Собранието на Град Скопје, кој само изговара добро познати негови ставови и ставови на неговата партија за работењето на градоначалничката Арсовска.

Трето, пренесувањето соопштенија на политички партии со ставови на партиски избрани или именувани лица е практика во медиумскиот простор во земјата и само по себе не значи дека нужно треба да се бара втора страна за да биде информацијата избалансирана. Дотолку повеќе што се работи во реално време и медиумите природно сакаат да ја пласираат информацијата што поскоро во јавноста. Информацијата во вакви случаи станува избалансирана кога медиумот ќе наведе, на пример, „побаравме или ќе побараме коментар од градоначалничката и ќе го објавиме веднаш штом ќе го добиеме“ или пак, кога го пренесува одговорот на втората страна во јавниот простор упатен до сите медиуми и на сопствената платформа или истото ќе го направи веднаш доколку имало демант, исправка и слично.

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2

1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

Во овој случај медиумот тоа го сторил, со тоа што упатениот демант го објавил на својата веб платформа.

Комисијата имаше дилема околу етичката обврска од Кодексот дека кога медиумите известуваат од политички процеси треба да имаат нужна дистанца и да држат баланс во однос на политичките чинители. Но, со оглед на тоа дека истата информација ја објавиле повеќе други медиуми, а дека медиумот за кого е упатена жалба го објавил и демантот, Комисијата заседе став дека нема прекршување на Кодексот во член 14.

Во согласност со наведеното, Комисијата одлучи како што е погоре наведено. Во работата на Комисијата учествуваа членовите, Мирче Адамчевски, Сефер Тахири, Снежана Трпевска, Тамара Чаусидис и Зериета Јаjага и Димитар Мицев. На седницата не присуствуваше Жана Божиновска.

*Согласно член 8 од Статутот на СЕММ и член 18 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби, медиумот е должен оваа одлука да ја објави во рок од три дена од добивањето на истото место каде што бил објавен и текстот со кој е прекршен Кодексот.*

Со почит,

Совет за етика во медиумите
на Македонија

Претседателка на Комисијата за жалби
Снежана Трпевска

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2

1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595